**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 декември 2000 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Седницата е закажана за 12,00 часот.

Почетокот на оваа седница ќе го поместиме за 3 часа.

Прво, како наш договор дека кога ќе ѕвони, 15 минути потоа треба да почне седницата. Второ, ќе и дадеме уште малку време на Комисијата за одбрана до 15,00 часот, па да немаме спорови по отворените прашања по повод Законот за одбрана.

Информиран сум дека, и ме замоли господинот Котевски седницата на Комисијата е закажана во 14,00 часот, еден час им е доволно за да завршат со работа.

Ќе продолжиме со работа во 15,00 часот. (Пауза).

По паузата седницата продолжи во 16,45 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ги молам службите да ги повикаат сите пратеници да влезат во салата, бидејќи ќе се подели извештајот од Комисијата за да можат да го гледаат.

Притиснете на едно од копчињата за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ние сега можеме да почнеме.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, сметам дека уставните определби, и деловничките не се исполнети, бидејќи одреден број на пратеници притискаа за други и бидејќи ова е прва ваша седница, сметам дека е редно да го примените деловникот и да се пребројат пратениците, бидејќи барем вас ви е добро познато донесување на одлуки и важни точки како што се на дневен ред немаат свое значење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се прифаќа оваа сугестија.

Службите нека го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

62 пратеници се присутни во салата.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, зедов збор заради јавноста да се запознае дека не дека сме ние овде 62 од позицијата, туку сите други опоненти наши, од другите партии се во холот на ова Собрание кои што декларативно се изјаснија дека ќе бидат конструктивна опозиција, а за жал вршат опструкција се со цел да не продолжи оваа седница. Тоа е нивно право, но јас би предложил и ова доколку имам право, во вакви случаи кога веќе треба да почнеме со седница, а сигурен сум дека после оваа седница треба да се примат тие патни трошоци и други трошоци ќе бидат први таму во редот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Допуштете да ја водам седницата како што упатуваат прописите.

Сите други и сите вие внатре и надвор имате право да се однесувате точно така како што ќе одлучите. Нема едни за други да дискутираме овде, да расправаме зошто едни вака, зошто други така, тогаш ќе се изгубиме.

Ве молам да продолжиме да работиме.

Господинот Амди Бајрам бара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници, сакам да се обратам во Собранието во врска со работата што овие денови од бирање на Владата и бирање на нови министри, давање поддршка на Владата, од тој ден наваму се прави голема опструкција лично на мене од медиуми во Република Македонија. Господине претседателе, нормално јас сакам ова деловнички да влезе да се решава овде во Собранието. Сакам тоа да го предложам пред да почне седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние продолжуваме по друга седница. Имаме утврден дневен ред. Неможеме сега. Ова е 56-та седница со утврден дневен ред. Кога ќе имаме седница кога ќе утврдуваме дневен ред, тогаш ќе можеме за тоа да расправаме. Или на прес конференција можете тоа да го кажете.

Само во овој момент немаме 62 присутни пратеници во салата, излегоа двајца од присутните. Службите нека ги повикаат пратениците за да работиме по

деловникот. Само така ние имаме и успех. Треба да знаеме тоа што ќе се донесе овде, мора да важи, тоа мора да биде закон, и не смее да има фалинки во тоа. Повикајте ги пратениците за да влезат во салата, за да можеме да работиме.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Процедурално сакам да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате право.

(Пратеникот Амди Бајрам реагира од место).

61 пратеник е присутен во салата.

Продолжуваме со работа по Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нано Ружин, Љупчо Анушев, Љубомир Поповски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Службите нека го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по Предлогот за донесување на закон за одбрана, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

На 8-то продолжение на оваа седница се договоривме Комисијата за внатрешна политика и одбрана да ги разгледа поднесените амандмани.

Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и одбрана ви е поделен.

Со амандманите на член 16 за додавање нова точка 8 по точката 7, член 18 точка 13 за бришење на алинеја 5 глава IV и за менување на член 31 поднесени од пратениците Благој Ханџиски и Лазар Китановски претставникот на Владата на седницата на Комисијата се согласи и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Благој Ханџиски и Лазар Китановски, ги повлекоа амандманите за менување на член 23, за бришење на член 24 и на член 42 за менување на ставовите 2, 3 и 4.

Со амандманите на член 21 став 2 за додавање нова точка 3-а по точката 3 на член 31, член 42 став 1, член 102, за додавање нов став 3 по ставот 2, член 128 за бришење на член 139, член 143 за менување на став 1 и 2 и на член 169 поднесени од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски, Љубомир Поповски, се согласил претставникот на Владата и тие се составен цел на текстот на Предлогот на законот.

Претставникот на Владата се согласил со ставовите 1 и 2 на член 16 што се однесуваат на додавање нова точка 8, член 18 за додавање нова точка 2-а по точката 2 и точка 12 за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, член 20 за додавање нова точка 5-а, точка 17, точка 43-ф и за додавање нова точка 47-а и за додавање нов став 2. Член 25 за менување на став 1 и 2 и на член 145 за менување на став 2 кои произлегуваат дел од амандманите поднесени од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Претставникот на Владата се согласил со амандманите поднесени од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски. На член 17 став 1 за додавање нова точка 5-а по точката 5, точка 9 и на став 2, член 20 за додавање нова точка 17-а за додавање нова глава XI-а со нови членови 142-а, 142-б и 142-в, кои се со изменета содржина. Со изменетата содржина на амандманите се согласиле подносителите на амандманите и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски, ги повлекоа амандманите на член 16 кој се однесуваат на став 3, во новата точка 8,член 18, за менување на алинејата 3, за додавање нова глава III-а, по член 21 со нови членови 21-а, 21-б, 21-в и 21-г, член 25 за додавање нов став 3 по ставот 2, на поднасловот 3: командување во Армијата и за бришење на член 29, член 48 за бришење на став 3 за менување на член 86, член 131 за додавање три нови ставови по ставот 1, за менување на член 144 и на член 145, за менување на став 3.

Со амандманот на член 16 за додавање нова точка 8 по точката 7, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев. Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски, се согласил претставникот на

Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Со амандманите на член 17 став 1 за додавање нова точка пред точката 1, на член 28 став 2, член 29 за бришење на став 2, член 133 и на член 134 став 2, поднесени од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Звонко Мирчевски, не се согласил претставникот на Владата.

Пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски ги повлекоа амандманите на член 20 точка 8 за бришење на член 23, член 24 за додавање нов став 2, член 42 за бришење на став 2 и за менување на насловот на Главата IX и за заменување на зборовите "цивилната заштита" со зборовите "цивилната одбрана" во целиот текст на Предлогот на законот.

Со амандманите на член 27 став 1 точка 18 и на член 102 став 1 и 2 поднесени од пратеникот Горанчо Трајков, се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Со амандманот на член 20 за додавање нова точка 40-а по точката 40 поднесен од пратениците Мухамед Таири, Мевљан Таири и Амди Бајрам не се согласи претставникот на Владата.

Со амандманите на член 150 став 1 и на член 151 став 1 за бришење на став 2, поднесени од пратеникот Илија Лазаров, се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на Владата.

Со амандманот на член 48 став 4 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана кој е со изменета содржина се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман за менување на член 1 со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Со амандманот на член 18 точка 6, поднесен од пратеникот Звонко Мирчевски, претставникот на Владата не се согласил.

Со амандманите на член 48 за додавање нов став 1 пред ставот 1 и на член 68 за додавање нов став 2 поднесени од пратеникот Оломан Сулејмани, претставникот на Владата не се согласил.

Со амандманот на член 70 за додавање нова точка 3-а по точка 3, поднесен од пратеникот Благоја Стојковски кој е со изменета содржина, се согласил претставникот на Владата.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана денес ги разгледа амандманите поднесени од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски, на поднасловот 2: "Генералштабот на Армијата" и за бришење на членовите 26, 27 и 28, член 35 точка 2, член 38 член 49 став 1 и дел од амандманот 6 кој се однесува на членот 20 точка 19, претставникот на Владата не се согласи со истите. Исто така, Комисијата за внатрешна политика и одбрана денес ги разгледа амандманот за додавање нов член 170-а по членот 170 поднесен од пратениците Мухамед Тахири, Мевљан Таири, Јонуз Абдулаи, Алија Шахиќ, Фатмир Етеми, Назми Кадриу, Билал Љутвии, Фадил Бајрами и Амди Бајрам и амандманот за додавање нов член 170-а по членот 170 поднесен од пратеникот Латиф Пајкоски, а претставникот на Владата не се согласил со истите.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на член 27 за бришење на став 2, член 46, став 4 и за додавање нов член 166-а по член 166, со кои претставникот на Владата се согласил и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1 за додавање нова точка пред точката 1 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчески.

Дали некој бара збор?

Процедурална интервенција на господинот Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Господине претседателе, министер, претставници на Владата, вие се сеќавате дека овој закон се бараше да се донесе по итна постапка, меѓутоа со оглед на околностите кои настанаа потоа и беше добро што помина време додека се проучи добро законот. И една група пратеници, односно повеќе групи на пратеници дадоа околу 60 амандмани. Минатиот пат се договоривме да извршиме усогласување во рамките на Комисијата, бидејќи сметаме дека таму може да се работи поплодотворно и навистина голем дел од тие амандмани ги усогласивме, оние кои сметавме дека се исти со Владата ги повлековме, некои Владата ги прифати и мислам дека се работеше многу конструктивно, бидејќи се работи за еден

органски закон и многу значаен за одбраната на Република Македонија. И во меѓувреме беше договорено да се продолжи со работа на Комисијата, бидејќи останаа уште неколку прашања кои требаше да се дорасчистат. Во меѓувреме јас побарав кои се тие законски решенија на кои се повикуваше претставникот на Владата, додека една друга пратеничка група побара да добие пречистен текст на Законот бидејќи е сложена материја, за да можеме полесно да го следиме на самата седница. Во меѓувреме беше најавено дека минатиот пат дека ќе се продолжи со другите точки од дневниот ред, додека Комисијата не ја заврши својата работа што мислам дека е добро решение. Во меѓувреме денеска се одржала седница на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, меѓутоа, јас лично не бев информиран за тоа, бидејќи имав обврски на факултет, ниту стаса телеграма и навистина бев изненаден. Иако имав добра волја да помогнам понатаму како и на претходната седница. Законите кои ги побарав од Владата ми ги достависја, ги проучив и ако сакате да разговараме "ин меритум", останувам на ставот дека место Генералштабот, треба да се дефинира како што е дефинирано во земјите на НАТО, што значи дека и понатаму би инсистирал ако постои можност да се одржи седница на Комисијата да речеме утре во 11,00 часот, уште час, или час и половина мислам дека ќе ја завршиме работата и со усогласени ставови на сите пратенички групи ќе преминеме само на гласање. Како илустрација од оние закони кои мене ми се познати и кои во меѓувреме ги достави Министерството произлегува дека спорните одредби ги има само во Законот за армија на Сојузна Република Југославија од времето на Милошевиќ, значи донесено после доаѓањето на Милошевиќ на власт и ги има во Бугарскиот закон за одбрана, ги нема во Американскиот, во Британскиот, она што мене ми е познато, Хрватскиот, Словенечкиот ги нема, Словачкиот ги нема, што значи дека повикувањето дека постои во некои земји членки на НАТО не е точно. Ако сакаме да донесеме закон навистина кој ќе биде компатибилен со НАТО, мислам дека треба да се стремиме кон тие земји. Грчкиот го погледнав, иако Министерството мислам направило грешка што место закони за некои од овие земји зело интевет страници тоа се описи практично, не се ни закони, но и од таму произлегува дека тоа прашање се регулира на тој начин. Она што мислам дека и ние како претставници на СДСМ се согласивме на Комисијата да остане називот Генералштаб како почитувано од традиција што е вообичаено и прифатливо да се прифатат некои традиционални решенија.

Во таа смисла јас имам подготвено некои дополнителни појаснувања и дефинирања на овој статус на Генералштабот со што неговиот углед не би се довел во прашање, меѓутоа, би бил сведен, како што е во сите земји членки на НАТО дека е тоа дел од Министерството, а задачите ги добива од претседателот, односно од министерот за одбрана.

Сакам да кажам дека вложив дополнителен напор и околу уставната формулација која мислам дека пак е спорна околу тоа на кој начин се уредува командувањето и мислев и тука можеме да помогнеме со една поточна формулација, но денеска се случи тоа што се случи, не бевме известени за седницата на Комисијата и затоа, во интерес на вистината, замолувам во врска со донесувањето на Законот утре да седнеме во 11,00 часот, а денеска да продолжиме со другите точки, како што беше договорено минатиот пат, колку се сеќавам, додека работеше Комисијата да ги завршиме другите точки, а утре да останеше од Педесет и шестата седница само законот за одбрана.

Мислам дека не е коректно, кога сме веќе при крај, да не бидеме известени со телеграма точно дека се одржува седницата, во колку часот, едноставно тие материјали не ги носам кои ни ги достави Министерството, имав некои белешки, па да ја потврдам мојата аргументација која ја имав минатиот пат.

Уште еднаш ќе кажам дека е добро што околу овој закон разговорот тече во смисла на квалитетот на законот, а не со некои политички квалификации и ако некој се обиде тоа да го направи навистина тоа ќе му биде залудно, само може да направи штета на угледот на Република Македонија, ако воопшто некој помислува за таква работа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да се разбереме, Комисијата поднесе извештај овде имаме материјал, Комисијата заседавала, само да ви укажам деловничката забелешка е на претседателот, да се разбереме. Комисијата поднесе извештај, колку што бев известен по барање на некои членови на Комисијата седницата не е одржана во 11,00 часот, туку во 14,00 часот за да можат сите да бидат присутни. Ако имало проблем во работата на Комисијата околу тоа претседателот на Комисијата треба овде да ни даде

појаснување за да знаеме каков третман има извештајот.

Повелете господине Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, со должно внимание на членовите на Комисијата Лазар Китановски и Благој Ханџиски ние повеќе дена заседававме околу овој закон, исто така Министерството за одбрана беше на големо располагање со сите служби до крај да направиме пречистен текст, квалитетен закон и јас навистина заложбата на двајцата членови поранешни министри во ова Министерство за одбрана на Република Македонија господата Китановски и Ханџиски особено го ценам и ние претпоследната седница кога ја држевме се договоривме за она што остана сосема малку неусогласено за да имаат време и колегите од СДСМ да проверат како да настапат амандмански, се договоривме пред закажувањето на седницата, за да не правиме трошоци, да се собере Комисијата и тоа што не е усогласено да го усогласиме. Денеска јас ја имав таа можност и со јавувањето на господинот Благој Ханџиски дека Лазар Китановски до 14,00 часот има предавања, ќе дојде на Комисијата и јас ја закажав Комисијата во 14,00 часот, а претседателот Стојан Андов седницата на Собранието ја закажа за 15,00 часот. Тоа значи дека беа создадени сите услови за максимално усогласување на неусогласените амандмани во врска со законот за одбрана на Република Македонија и според тоа ние денеска треба да продолжиме со работа, и доколку сакате, ги имате вашите сознанија господине Китановски, можете и на оваа седница и доколку се прифатливи тука е Владата и министерот, можат да бидат составен дел зависност од тоа каков е ставот. Инаку сите услови беа исполнети и ние максимално ја завршивме нашата работа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот министер бара збор.

Сега се расправа дали се исполнети условите за расправа.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Ќе морам да соопштам некои работи токму околу деловничките прашања.

Господине претседателе, почитувани пратеници, бидејќи целиот период од два месеци и нешто заедно со стручните служби од Министерството за одбрана сме присутни во овој Парламент и на собраниската комисија и постојано јавно на оние почетоци на седниците кои се обидуваа да ја продолжат расправата по Законот за одбрана посочувам дека стоиме во секој миг на располагања било кој ден и во било кој термин да работиме заедно со собраниската комисија. Значи, од наша страна апсолутно немало никаков проблем.

Минатата седница на собраниската комисија разгледавме многу прашања, сакам јавноста да знае, поднесени се 120 амандмани, а беа спомнати 60, 60 поднесоа други пратенички групи, индивидуално итн, за денешната седница се останати само 16 амандмани за разгледување од вкупно 120. Треба да се знае колку квалитетно работеле собраниската комисија и колку квалитетно стоеле на располагање сите луѓе од Министерството за одбрана. Во прашање се 16 амандмани. Меѓу тие 16 амандмани единствен амандман кој останува слободно да поразговараме е прашањето за местото на Генералштабот дали да стои во текстот на Законот. Има видувања пред се од господинот Китановски и господинот Ханџиски, ние имаме видувања кои можеме да ги образложиме, единствено се договоривме дека имаме разбирање од сите кои работевме на таа комисија и ние од Министерството за одбрана за да не полемизираме околу Генералштабот на седница, бидејќи лично сум убеден дека апсолутно нема место за никакви дилеми околу местото на Генералштабот во законот за одбрана, меѓутоа, несакајќи да прозвучи дека некои пратеници се против ваквото регулирање на надлежностите и тоа чисто стручни надлежности на Генералштабот, за да не бидат обвинети во некои нервози од нивните колеги дека се против ваквото третирање, па на некој начин и армијата, армискиот состав на Република Македонија кој е олицетворен во својата стручност преку Генералштабот затоа што во нервозна ситуација може некој од пратениците да ми префрли дека вие сакате да го сведете Генералштабот на една подредена улога која по некогаш ќе зависи, фала богу што не се случило до сега, но понекогаш ќе зависи од личното убедување или недај боже расположение на некој министер, па да му ги одземе стручните надлежности или да му ги пролонгира со 3, 4, 5 месеци, па потоа од најоперативни, изврши работи да дојде текот на годината извршувањето на програмата на Министерството и на Армијата во блокада. Ако за тоа отвориме расправа, јас ќе ви дадам десетици и десетици примери како се случувало тоа да се блокираат најобични работи кои се во надлежност на Генералштабот од објективни причини и мислам дека било така поради

презафатеност на министерот, поради презафатеност на цели екипи на Министерството кои треба да извршуваат други работи.

Единствено спорно прашање за кое може да се разговара денеска е вашиот став за местото на Генералштабот и оној кој јас ќе го образложам во име на Министерството за одбрана. Не гледам нешто сега пред јавноста да изигруваме за некои принципиелни работи кога станува збор за тактично однесување, за пролонгирање на можноста за донесување на овој закон и мислам дека до сега работевме максимално и конструктивно во рамките на собраниската комисија од Министерството за одбрана никогаш не се третираше поинаку досегашната работа иако морам да признам дека новинарите, тоа е нивна работа, љубопитството секој ден упатува да поставуваат прашања што мисли Министерството за одбрана, за ова што се случува, јас тврдам дека конструктивна расправа имаме и не гледам причина да се пролонгира натаму затоа што имаме една тема за која можеме да поразговараме на крајот на краиштата и јавно.

Мојот предлог беше да не се доведеме во нервозна ситуација кај одредени пратеници, мислам дека нема потреба, да бидам вака и така третирани поради нивниот став. Соопштете ги вашите мислења во врска со Генералштабот јас во име на Министерството ќе ги соопштам, другите прашања се чисти. Од 120 амандмани останати се 16, сите се претежно прифатени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде има јавено за интервенција и други пратеници, дали се однесуваат на ова прашање или имаат други интервенции? Сакам само да ви укажам дека овде не слушнав забелешка на работата на Комисијата. Не видов дека Комисијата нешто не работеле или не дала можност некои работи да се разјаснат. Уредно закажана седница на Комисијата, одржала седница и уредно поднесе извештај. Сега не смееме да излегуваме надвор од Деловникот, нема што понатаму да бараме. Но, да ги слушнеме интервенциите на господинот Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници, околу оваа интервенција како член на Комисијата за внатрешна политика и одбрана јас не мислев да имам никаква интервенција, за мене е искрено лично не е добар моментот околу донесувањето на овој закон што има толку многу амандмани напротив тоа е негативно, бидејќи од првобитниот текст кој го добивме во септември до денеска многу работи во Законот се изменија, тоа е најпозитивниот момент, но напротив ние изгубивме ориентација каде е изменет текстот на законот, но она што мислевме да го дадеме, го дадовме во вид на амандмани како пратеничка група и сега кога се појавија деловничките размислувања сакам да укажам на еден деловнички момент од работата на Комисијата кој можеби ќе помогне околу размислувањата што денеска треба да се продолжи на седницата, а тоа е следното.

Јас лично со поддршка од мојата пратеничка група како размислување за Законот за одбрана, имавме многу дилеми и размислувања околу служењето на армија без оружје, односно оној дел за приговор на совеста и во таа смисла имавме низа дискусии на самата комисија. Во таа насока се консултиравме надвор до Министерството и со претставниците на министерството и на една од седниците ни беше ветено дека ќе добиеме преглед на служењата во различни земји членки на НАТО, должината на служење на воениот рок без оружје. Таков извештај до ден денеска немаме добиено како пратеничка група, ниту јас како член на Комисијата, па еве една нијанса може да одлучи или ако се одлучиме Комисијата понатаму да работи, јас би сакал да добиеме таков извештај со кој навистина знаете и самите би го увиделе овој момент од законот кој е за нас многу важен. Толку околу деловничката интервенција.

Да не би барал повторно збор, бидејќи е незначајна деловничка интервенција, сакам на претседателот на Собранието да му предадам една спикерска листа што ја имам од Собранието во која јасно се гледа дека пратеникот Златко Стојменов на минатата седница кога немав можност да ја имам оваа листа, на минатата седница уредно се јавил во 20 часот 41 минута и 44 секунди, а добил збор во 20 часот, 01 минута, 55 секунди значи 20 минути подоцна односно бил на екранот на Собранието.

Еве го доказот ќе го дадам на претседателот на Собранието, се однесува на минатата седница кога потпретседателот на Собранието односно претседавачот кој ја водеше седницата тврдеше дека воопшто не сум се јавил и не ми даде збор. Во меѓувреме им беше даден збор на тројца луѓе кои се немаат пријавено, навистина

сакам деловнички да работиме, да се јавуваат оние кои се на ред, на екранот и да се води сметка за оваа работа, посакувајќи му на новиот претседавач успешно да ги води седниците и на сите нас успешно да работиме според правилата на играта кои се воспоставени тука и според редот, ќе го предадам овој спикерски лист во кој се гледа дека уредно сум се јавил и дека потпретседателот на Собранието кој манипулираше во тој момент еднаш не беше чул во Собранието како еден пратеник искажал погрдни зборови овој пат не видел, тоа се негови лични проблеми кога не може да чуе и да не види, меѓутоа, Парламентот мора да работи според Деловникот.

(Му го предава спикерскиот лист на претседателот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме.

На ред е господинот Андоновски, но дали е за ова прашање или е нешто друго. Ако може ова да го расчистиме оти се јави уште еден пратеник. Ве молам ако може така.

Господинот Ханџиски се јавува во врска со Извештајот на Комисијата.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, господине министер, почитувани колеги пратеници чувствувам потреба да дадам неколку кратки појаснувања во врска со исказот и на претседателот на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, Ѓорѓи Котевски и во врска со исказот на министерот за одбрана Пауновски.

Вие знаете дека по влегувањето на овој закон во процедура едно од клучните прашања кое се постави пред сите нас пратеници овде со оглед на тоа што се работи за органски закон, независно од тоа на која пратеничка група припаѓаме беше прашањето поставено од предлагачот да се донесе еден таков закон по итна постапка, што ниту е пракса ниту би било добро да е така. Меѓутоа, имавме огромно разбирање со оглед на тоа што знаеме каква е тежината на овој законски проект и колкави се потребите овој законски проект да се претресе во Собранието да се подобри неговата содржина и да се донесе порано и со оглед на тоа што влегува во кругот на сите закони во Република Македонија кои треба да се усогласат со легислативата на сите безбедносни структури кон целосна интеграција, а и заради тоа што е влезен во рамките на програмата за усогласување со законодавството на НАТО и на некој начин е барање од НАТО кое беше најавено дека законот требаше да се донесе уште во септември.

Во врска со тоа мислам дека не е на одмет да се каже уште еднаш дека е вложен огромен напор и од предлагачите, но дека е вложен огромен напор и дека има извонредно конструктивен пристап околу сето тоа што е врзано за законот на претставниците на сите пратенички групи, сите сме сведоци дека се поднесоа скоро 120 амандмани, но мислам дека бројката е поголема. Гледајќи ги амандманите јас знам дека практично нема претставник на пратеничка група кој не поднел амандман и тоа е најдобар доказ дека сите пратеници се обидоа во рамките на своите права и обврски да придонесат за подобрување на содржината на законот.

Повеќе од 50% од тие амандмани беа предложени од членови на Пратеничката група на СДСМ. Имаме обврска да кажеме и пред Собранието и пред јавноста дека создадовме, покрај огромно вложениот труд јас можам да ви покажам еве го материјалот што се однесува на самите амандмани и на образложенијата значи станува збор за неколку десетици страници. Ние направивме конструктивна работа во сфера на Комисијата за внатрешна политика и одбрана. Дека е тоа така зборува податокот дека од тие 120 амандмани останаа целосно непретресени и неприфатени од страна на предлагачите само 16-тина што е дури помалку од 10%. Спрема тоа треба јавно да се каже дека од сите страни се имаше конструктивен пристап и дека сите вложија максимални напори да добиеме што подобар закон.

На последната седница на Комисијата за внатрешна политика и одбрана останаа тие 16-тиан амандмани непретресени, меѓутоа копјата се кршеа воглавно околу амандманот врзан за функциите на Генералштабот. Се договоривме заради ваквиот ефикасен начин на работа на Комисијата рековме дека навистина има потреба уште еднаш да се состанеме, меѓутоа, дојдоа собитијата кои поминаа минатата недела и се очекуваше оваа недела да продолжиме со таква работа.

Што се случи вчера? Знаете бевме информирани дека ќе продолжи 56-тата седница, јас кажувам како јас бев информиран дека 56-та седница ќе продолжи со сите други точки, па откако ќе ги исцрпеме ќе се вратиме на оваа прва точка (реакција од страна на пратениците околу информирањето), јас кажувам како јас бев информиран по пат на телефонско јавување дома и со телеграма. Денеска

дојдов во 11,35 часот во Собранието кое требаше да почне во 12,00 часот. Од службите добивме информација дека Комисијата треба да заседава во 11,50 часот во услови во кои јас материјалите, па и колегата Китановски се консултиравме со колегите од ВМРО-ВМРО, со колегите од ПДП, никој не ги носевме материјалите, не бевме подготвени да отпочнеме со работа на седницата во една таква атмосфера во која работевме, навистина да завршиме работа како што рековме на таа седница да не ја пренесеме таа расправа на пленарната седница.

Имаше и колеги пратеници, членови на Комисијата кои не беа тука. Затоа и му се јавив на колегата Котевски да се создадат услови да продолжиме во таква конструктивна атмосфера. Му кажав дека колегата Китановски ќе дојде подоцна, после 14,00 часот. Тоа беше она што го договаравме.

Меѓутоа, за жал, сакам да информирам дека ние, за тоа дека е закажана седницата во 14,00 часот не бевме информирани, не бевме поканети. Не се сомневам дека Комисијата имала мнозинство членови и дека овој извештај е усвоен со квалифицирано мнозинство. Меѓутоа, за жал, предлагачите на тие амандмани, пред се на клучниот амандман, околу кои ја прекинавме расправата, групата пратеници од СДС не присуствувале на седницата на Комисијата.

Оттука, одговарам на вашето прашање дали има нешто спорно околу самиот извештај и околу тоа како денеска работела Комисијата за внатрешна политика и одбрана. Мислам дека, навистина, како што до сега работела конструктивно, треба да вложиме дополнителни напори така да ја завршиме целата работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот министер за одбрана, Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, добро, прифаќам на вака фин начин да се однесуваме пред јавноста, иако зад вратите на овој Парламент се случува нешто друго. Меѓутоа, барем јас знам, и сигурен сум во себе дека до денот на донесувањето на овој закон нема да проговорам за никакви други лични ставови и мислења во било која смисла и за било кое друго прашање. Меѓутоа, за некои работи не може а сепак да не се одговори.

Вие тврдите дека останале непретресени одредени работи, таа фина конструктивна атмосфера да продолжи итн. Сите амандмани, вклучувајќи го и амандманот за Генералштабот ги претресовме. Лично ви пренесов став на Министерството за одбрана и на последната седница на собраниската комисија, како и претходните други, дека ние не го прифаќаме вашиот амандман. Меѓутоа, како министер за одбрана, ценејќи дека за вакви прашања, навистина, не треба да се ставаат зад вратите на оваа парламентарна сала што се случува, бидејќи е Закон за одбрана, еден од столбовите каде што некои, во наводници да ги кажам, можеби, "страмови наши" на политизирање не треба да ги изнесуваме тука, бидејќи ова го уважува и дигнитетот и самочувствието за она на што сите сме упатени да работиме и вие како пратеници и ние како министри.

Како министер, предложив нашиот став е категорично јасен, не го прифаќаме тој амандман. Меѓутоа, колеги, пред почетокот на продолжението на оваа седница лично јас замолив, бидејќи вие прифативте, оној ден кога ќе биде закажана седницата, ние да се собереме 30 или 60 минути, колку цените, да одржиме седница што не мора да ја формализираме седницата, да поразговараме како луѓе, да не дојдат двајца министри на говорницата да полемизираме, дали да има Генералштаб или да нема во Законот. Значи, пред јавноста да не изнесуваме нешто што не е вистина.

До последен амандман е претресен, до последен амандман од страна на министерот за одбрана е кажан ставот. Другото е прашање на добра волја од Министерството за одбрана, пренесено преку мене како министер, да можеме да продолжиме да разговараме, пред самиот почеток на седницата. Значи, немојте да тврдите сега дека немаме ставови од Министерството за одбрана. Конкретно, за сите 16 останати амандмани лично сум го пренел на Комисијата ставот на Министерството. Значи, немало потреба да одржуваме други седници на Комисијата. Тоа било прашање на добра волја на овој министер, фала богу таму биле присутни и новинари, на тие седници и на крајот на краиштата можете јавно да го поставите ова прашање да се произнесат сите новинари кои не следеа, да работиме.

Значи, нема ниту еден услов да се одлага расправата на оваа седница околу Законот за одбрана, бидејќи овој министер, на сите досегашни седници се изјаснил кој

амандман го прифаќа а кој не. Сите услови се создадени. Дури и немало потреба денеска да се одржи седница. Дури и ние се договоривме дека ќе ја одржиме таа седница на Комисијата, доколку треба, пред почеток, кога претседателот на Собранието ќе ја закаже седницата. Дури, претседателот на Собранието во 12,00 часот соопшти дека го одлага почетокот да сочекаме од одредени личности кои најавиле дека во 14,00 часот ќе бидат во Собранието.

Дајте, барем околу ваков закон да не одиме во исцрпување, да изгуби некој нерви, па потоа да се расправаме па да излезе кој е кој виновен, затоа што соопштувам, лично сум подготвен да го видиме местото и улогата на Генералштабот. И јавно, иако сите знаат на собраниската комисија кој е ставот. Кристално јасни се аргументите и тврдам дека држат 100% за нашиот став. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Седницата ја закажавме, продолжувањето на 56-та седница пред се да го забрзаме донесувањето на Законот за одбрана. Неверувам дека некој можел на поинаков начин да упатува покани до пратениците. Дека тоа ќе биде одложено, дека некои други прашања прво ќе бидат разгледувани. Ниту имало основа тоа така да го прави во телефонските јавувања, ниту смеел така да направи, затоа што многу добро беше договорено како да се известат пратениците. Тоа е прво.

Второ, му давам сега збор на господинот Ѓорѓи Котевски.

(Пратеникот Ханџиски бара збор за реплика).

Повелете, господинот Ханџиски има реплика.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ќе бидам краток.

Господине министер, навистина мислам дека нема потреба да ја расипуваме конструктивната работна атмосфера. Затоа и сакам да укажам на тоа дека навистина имаме различно поимање за терминот претресување и на закони и на амандмани.

Ако е така како што вие тврдите, тогаш немаше потреба да се држат ниту седници на комисија, ниту пленарна седница. Вашите ставови, преку предложениот закон се познати, нашите ставови преку предложените амандмани се познати, според тоа и Законот е претресен и амандманите се претресени.

Јас, апсолутно не тврдев во својот исказ дека ние не ги претресовме и амандманите, дека не ги претресовме и членовите на законот. Само зборувам за следното, ние имавме договор, условно да кажам сега од вашиот термин претресување, да подразбереме следно, ги имаме амандманите, го имаме законот и да се обидеме да дојдеме до едно заедничко решение. Значи, еден амандман е целосно поминат, прифатен, неприфатен, прифатен делумно итн. Според тоа, ние го претресовме и целиот закон, ги претресовме и сите амандмани, само 16 амандмани останаа неиздоговорени на начин на кој што беше договорено да работиме на комисија. Меѓу тие амандмани, според нас, ниту од технички карактер како што вие тврдите, ниту од некаков тактички карактер, е амандманот врзан за Генералштабот.

Цело време се разбираме околу една работа, не сакаме да имаме решение во законот со кое што по било кој основ ќе го нарушиме цивилниот концепт на одбраната. Ако имате забелешка на една ваква определба и тоа го сметате опструкција, тогаш стои сосема нешто подруго од тоа што вие го искажавте.

Ако имате разбирање дека навистина имаме заеднички намери, да не го нарушиме цивилниот концепт на одбраната, и да направиме некои промени во изворните решенија што ги дадовте во законот, врзани за функцијата на Генералштабот, тогаш е сосема друга работа. Тоа не може да се смета ниту како опструкција. Повторно мора да е разбере така како што ние го подразбираме и од кои позиции тргаме кога рековме, еве, останува простор уште за еден договор за ова прашање.

Денеска, кога дојдовме во Парламентот јас му се јавив на колегата Ѓорѓи Котевски, не ми се јави тој мене, за да создадеме услови вака да продолжиме со работа на Комисијата. Од каде повторно гледате мотиви за опструкција кога мотивите се сосема спротивни? Вие рековте дека - не сакаме за тие работи и нема потреба да расправаме на пленарната седница, затоа што навистина најдовме модус и начин како конструктивно да си

ја сработиме работата на Комисијата. За тоа денеска разговараме. Не разговараме за нешто друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Веројатно најмногу ќе ни помогне господинот Ѓорѓи Котевски. Тој е претседател на Комисијата и тој треба да ни даде појаснување за актот што ние доставен. Ова е Извештај на Комисијата. Таму стои дека сите амандмани се претресени и по сите амандмани е заземен став и од Комисијата и од предлагачите и од претставникот на Владата.

Има збор господинот Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван господине Хаџиски, секогаш настојувам, во рамките на ова Собрание и како претседател на Комисијата нај максимално, најчовечки, најдостоинствено да си ја бркаме својата работа. Вие ми се јавивте по телефон и јас вашата желба ја прифатив. Токму заради тоа во 14,00 часот, место во 12,00 часот закажавме да се состане Комисијата за внатрешна политика и одбрана. Вие прифативте со тоа соображение дека Лазар Китановски до 14,00 часот е на предавање на Факултетот. Заради тоа, со господинот Андов се договорив седницата да се помери во 15,00 часот. Ги создадовме сите услови само да создадеме добра атмосфера неусогласените амандмани да ги усогласиме на некој начин со Владата. Токму заради тоа, да не падне никаква сенка, никаква раска на нашата работа што до сега ја завршивме.

Ве молам, на оваа седница, доколку имате околу овие спорни амандмани, може и на самата седница, бидејќи е секогаш практика во Собранието, тоа што на Комисија нема да се изглади, нема да се усогласи, доаѓа на самата седница на Собранието.

Претседателе, мислам дека треба да продолжиме денеска со работа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Господине претседателе, околу формалната страна, бидејќи вие инсистирате, иако не ја сметам за најбитна во оваа ситуација. Вие инсистирате со правилник, бидејќи сте претседател на Собранието. Ќе кажам неколку зборови, иако мислам дека не е битна толку формалната страна.

Прво, седници свикуваат со телеграми. Кога добив јас известување за седница на парламентот, а не за комисија, мислев дека таа точка ќе продолжи тогаш кога ќе заврши комисијата со работа.

(Реакции во салата. Претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тишина, ве молам тишина, тишина, ве молам тихо, тишина.

Повелете господине Китановски.

Ве молам за тишина.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Добро. Гледам како реагираат пратениците.

(Реакција од страна на пратениците и предупредување од претседателот за ред со ѕвончето).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ве молам тишина.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Благодарам за ваквиот демократски пристап.

Мислев дека ќе работиме умно, како што работевме до сега.

Министерот рече дека неговиот став е тој што го кажа. Се надевав на едно трето читање на текстот, каде што навистина се ќе можеме да усогласиме и само ќе преминеме на гласање.

Но, бидејќи нема расположение, повелете вие работете како што сакате. Имав идеја како да го решиме проблемот со онаа определба да не ни го обори Уставниот суд, меѓутоа немам можност да ги искажам. Повелете, тогаш работете.

Инаку, едно 20 дена сме работеле со господинот Хаџиски и тоа е резултат на нашите амандмани што ги предложивме. Ние да сакавме опструкција можевме тоа да го направивме на друг начин. Затоа инсистирав на трпение да го донесевме законот, само што ќе се одложи за 24 часа. Ништо повеќе, ако можеме да усогласиме уште еден елемент од текстот. Ако не сакате така да работиме, повелете, како сакате работете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само да ви укажам.

Седници се свикуваат со решение, напишано и потпишано од претседателот на Собранието. Во овој случај имаме продолжување на свикана седница и тоа се прави или овде се договара и известува, или со телеграми, ако не сте тука или кого

можат да го фатат преку телефон. На никој друг начин неможе да се свика продолжение на седница. Според тоа, тоа е јасно и тука се надевам тука нема никаков спор.

Сега, да не изгубиме премногу време околу овие надмудрувања.

Забелешката е следната, сакам на сите да ви се обратам, забелешката е следна дека на седницата на Комисијата, што беше закажан прво во 12,00 часот, па потоа во 14,00 часот и требаше да се одржи и кога била поместена и закажана, токму тогаш во консултација со сите членови на Комисијата, од сите пратенички групи на таа седница на Комисијата не учествувале членови на Комисијата и дел од оние кои сугерирале тогаш да се одржи. Така го разбрав господинот Котевски.

Бидејќи неприсуствувале, еден од субстенцијалните амандмани, како тие тврдат не е претресен во нивно присуство. Тоа е факт. Тие не биле присутни кога Комисијата го претресувала тој амандман. Тој амандман Комисијата го претресувала вклучувајќи ги, претресувајќи ги сите амандмани, работејќи по Деловникот. Бидејќи кој има амандман, треба да е таму, ако е известен за таа работа.

Според тоа, нема некое деловничко промашување кај Комисијата. Извештајот на Комисијата е точен.

Сега станува збор за добра волја, добра политичка волја. За добра политичка волја ако се укаже потреба, а тоа може да го покаже расправата вечерва на седницата, по законот, по амандманите и по текстот на законот, ако се укаже потреба за добра политичка волја, јас, верувајте, самиот ќе ве повикам таа добра политичка волја да ја манифестираме и изградиме, да ни биде заедничка и да можеме да завршиме работа.

Затоа, бидејќи е тоа едно прашање, не е законот, туку едно прашање, еден амандман, ајде да одиме по амандманите. Кога ќе дојде овој амандман, него ќе го резервираме, ќе ги истераме сите амандмани, да го очистиме текстот, да се заврши тој дел од расправата. Ако има проблем околу тој амандман и не можеме овде да заземе став, предлагам да не се прегласуваме по тој амандман. Нека тогаш Комисијата се повлече и нека седне, да видиме дали може да најде решение.

Дали се согласувате така? Дали е јасно?

Јас мислам дека единствено така можеме. На друг начин не можеме.

Добро, одиме понатаму.

Молам, завршија деловничките интервенции.

Сега одиме, дали некој бара збор, еве уште еднаш ќе го прочитам амандманот:

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1 за додавање нова точка пред точката 1, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Дали некој бара збор? (Никој).

(Дофрлања од место дека предлагачите не се тука).

Не е должен да биде секој предлагач тука. Тој си го предложил амандманот.

Ве молам, немојте да дофрлате. Дајте, да работиме.

Дали некој бара збор?

Никој не бара збор.

Да, овде Владата го одбила амандманот.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(Пратениците гласаат).

(Реакции во салата).

Ве молам, јас знам колку се присутни. Бидејќи околу овој закон несмееме да имаме никакви спорови, ќе ги соопштам резултатите, само да провериме дали има 62 пратеници присутни во салата.

Констатирам дека за амандманот гласале 3 пратеници, против гласале 51 пратеник, а 6 се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 став 1 за додавање нова точка пред точката 1, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Според тоа, само ве молам, службите нека проверат дали навистина имаме овде некој кој не гласал.

Ве молам, веќе има 65 пратеници.

Кога се гласаше беа присутни 62 пратеници, а сега се повеќе.

Отворам претрес по амандманот на член 18 точка 6 поднесен од пратеникот Звонко Мирчевски.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

(Пратениците гласаат).

За амандманот гласал 1 пратеник, се воздржале 5, а против се 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 точка 6 поднесен од пратеникот Звонко Мирчевски.

(Реакции во салата, претседателот на Собранието предупредува на ред со ѕвончето).

Ве молам, нека има ред во салата да работиме.

Отворам претрес по амандманот на член 20 точка 19 поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Дали е овој тој спорен амандман?

Не е тој.

Дали некој бара збор? Не.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

(По гласањето).

Од 64 присутни пратеници, 2 пратеници се за, 6 воздржани и 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 точка 19, поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за додавање нова точка 40-а по точката 40, поднесен од пратениците Мухамед Таири, Мевљан Тахири и Амди Бајрам.

Дали некој бара збор?

За збор се јави пратеникот Мухамед Тахири.

**МУХАМЕД ТАХИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, амандманот го поднесувам од причина што сметам дека Министерството за одбрана има мал број вработени по член 8. На пример, од албанската националност има околу 4% вработени во Министерството за одбрана, а во истото министерство служат војници албанци некаде околу 29%, што значи од другите националности има исто така мал број. На пр. од српската националности има околу 4%, а се знае колку срби живеат во РМ. Тоа се 4% вработени во Министерството за одбрана.

Бидејќи граѓаните според Уставот на РМ и пред овој закон се исти, мислам дека овој амандман треба да биде прифатен од причина што многу е тешко после толку време оваа Влада и ова Министерство да ја поправи оваа бројка на националностите околу вработувањето во Министерството за одбрана. Сега со овој амандман би се зајакнало и министерството и другите министерства и служби во државата за да се поправи бројот на националностите околу вработувањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и г-да пратеници, би сакал од страна на министерот да биде образложено неприфаќањето на овој амандман затоа што сметам дека концептуално не би требало да се разликуваме во однос на овие наши изнесени мислења како треба да биде организирана работата односно структурно во однос на националната структура во Министерството, посебно од причини што беа изнесени од страна на г-динот Мухамед Тахири. Само за потсетување да кажам дека и во други закони има вакви одредби, каде дури во посилна форма се упатува на водење сметка за националната застапеност во разните структури на администрацијата и државната управа, така што сметам дека една ваква многу блага форма на изразување грижа за водење сметка за застапеноста на националностите во раководните структури на армијата и другиот кадар ангажиран во армијата, апсолутно не гледам зошто да се одбие. Затоа, барам или да се прифати амандманот или да се даде образложение зошто не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор министерот за одбрана г-динот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Беа кажани некои примери за одредена состојба која е резултат на нешто што е останато од еден состав од една структура, едно вработување што се случувало во еден друг период. Дали тоа било добро или лошо, тоа се прашања кои многупати се разгледувани во Парламентот, но факт е дека има некои такви соодноси.

Меѓутоа, сега во овој закон лично што мислам, бидејќи го изнесувам мислењето и на самото Министерство, мислам дека ваквите одредби како дел од законската содржина не треба да стојат, од причина што тогаш се ставаат неколкупати пониско критериумите за стручност и професионалност. Се согласувам дека има домени, има сегменти од системот на државата каде што некои работи треба да бидат и во законски акти, и во самите закони регулирани, затоа што може да доминираат личните определби за тоа каква структура да има во вработувањето. Ние знаеме тоа да го идентификуваме речиси задолжително со однесување или да го дефинираме под терминот националност, од која националност е, затоа има пристап во вработувањето. Меѓутоа, сите работиме, некои од вас работат и трет мандат во овој Парламент, знаете дека лични се афинитетите, лични се определбите кој кому ќе му излезе во пресрет, а потоа многу лесно се пакуваат сите тие работи под национални интереси или привилегии.

Независно од сето тоа јас сум со длабоко уверување дека вакви одредби во еден ваков закон кој се однесува во служба во армијата не треба да бидат застапени од единствена причина што по автоматизам ќе се нарушат критериумите кои допрва треба да ги достигнеме. Тие не се достигнати сеуште, а тоа е стручно и професионалност. Тие два критериуми ќе повлечат комплетно раководење според правилата на службата. Можеби е една од двете најспецифични служби во една држава, во еден државен систем, армијата која треба да се однесува според правилата на службата. Ако правилата на службата бидат нарушени, дури нема да ми помогне ни личниот квалитет, незнам на какво образовно ниво да биде тоа, нема да ми помогне ако ги напуштите правилата на службата. Значи, тоа се генералните и лично за мене и дефинитивните критериуми за оние кои служат во армијата. А како човек и како човек што сепак виде некое практично искуство во доменот на Министерството за одбрана и армијата, се согласувам дека сепак треба како луѓе и како луѓе што се најодговорни, тргнувајќи од министерот па до сите други да почнат да градат друг пристап во моментите и во фазите кога треба да се прават кадровски планирања. Затоа, мислам дека се разбираме но сепак не би можел тоа да го прифатам од тие два критериуми што се образложени и тие два критериуми повлекуваат стриктно раководење според правилата на службата. Поради тоа нераководење од правилата на службата ние имаме од различен карактер сеуште проблеми кои сепак мислам дека не се од така големи размери, меѓутоа има што да работиме сеуште за да се зајакне што повеќе авторитетот на армијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Не сум задоволен од одговорот кој што е даден од страна на министерот. Мислам дека ако добро се проанализира тоа што беше кажано, дури ќе се дојде до констатација дека во некои делови е контрадикторно. Во некој момент мислам дека никој од нас не навлегува во тоа односно не ја спори потребата од водење сметка за стручности и лични афинитети од луѓето кои се ангажирани во службата, меѓутоа, лично мислам дека треба да доминира и овој важен момент на националната структура во раководниот кадар на армијата, затоа што низ таа призма се гледа и чувството на војниците кои се на отслужување на воен рок во армијата дека навистина и тие се рамноправни во оваа држава. Се разбира, доколку не достасува тоа чувство околу застапеноста на сите национални структури во раководниот кадар посебно, мислам дека неможе да се одбегне чувството на запоставеност кое може да се појави кај војниците.

Од друга страна, доколку навистина министерот смета дека определба на министерството односно на Советот за одбрана треба да биде и водење сметка за националната структура на раководниот кадар, не гледам што толку ќе го наруши концептот на законот со една таква блага одредба која упатува на водење сметка за националната структура на раководниот кадар и на другите вработени во министерството.

Затоа, уште еднаш упатува барање да се прифати овој амандман, затоа што не гледам апсолутно ниедна причина која би ја нарушила целата концепција на законот и би довела во прашање некои стратешки определби кои се зацртани со самиот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Концептот на националната рамноправност е составен дел односно декларативен дел на Уставот на РМ. Имено, вие г-дине претседателе тогаш бевте претседател на Комисијата за уставни прашања и сигурно сеуште се сеќавате дека така пишува во Уставот. Важно е сега таа уставна определба да се операционализира, а тоа може единствено да се стори со воведување на концептот на остварувањето на реалната рамноправност на граѓаните, па и националната според законите, така што веќе имаме донесено неколку закони од минатиот состав поконкретно Законот за судството, кој предвидува соодветна национална рамноправност без да се наруши концептот на професионалност. Значи, целта е оваа декларативна определба на Уставот на РМ да се операционализира во закони, за да биде крајна цел материјализацијата во реалноста. Значи, многу е важно за едно колективно чувство да имаме такво чувство и убедување кај граѓаните, да имаме фактографија која се заснова врз реалноста на граѓаните и врз национална основа.

Јас предлагам решение. Бидејќи го немам амандманот пред себе, предлагам да се додадат зборовите и молам министерот ако го има амандманот пред себе да го прочита. Имено, после зборовите "национална припадност" да се стави запирка и да се каже "без да се наруши критериумот на професионалност и стручност". Така, мислам дека за министерот и за министерството амандманот ќе биде прифатлив така што, тоа веќе не е преседан, на неколку наврати веќе имаме прифатено во законодавството такви формулации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Дами и г-да пратеници, со цел навистина да донесеме што поквалитетен закон кој пред се ќе биде во функција на јакнење на самата воена структура на Македонија, во функција на пополнување на нашите потреби и потребите на НАТО алијансата во овој домен, а исто така и во функција на интегративниот момент и на оваа димензија за националностите во РМ, мислам дека добро би било кога министерот после еден таков искажан став да направи обид, со нас заедно, да изнајдеме едно решение, каде што ќе можеме да имплементираме една таква заложба, затоа што ако стручноста и професионалноста се универзални стандарди врз кои се гради силна воена структура или според НАТО саканата структура, јас мислам дека и персоналната структура, значи она што е основната структура во самата воена единица и во самата одбрана, мислам дека е меѓу главните чинители врз кои се гради доктрината на одбраната на нашата земја. Јас мислам дека неможе да се запостави или дури неможе да се заборави каква ќе биде таа структура, дали таа структура на војската ќе кореспондира со структурата на жителите на РМ, како еден гарант на едно такво чувство што би ни дало за право да мислиме дека навистина во Македонија се градат нови структури врз нови квалитети, па така со стручност и професионалност во новата доктрина, па и тоа што НАТО го предпочита и предлага, мислам дека водењето сметка за националната структура на НАТО не би ги нарушил НАТО-ските определби кон ова прашање. Дури, и НАТО структурите преферираат таков состав на воените структури кои би биле одсликување на реалноста во соодветните земји како гарант да функционира таа структура и успешно да ја обавува својата функција.

Затоа, не само во целокупната бројност на командната структура на армијата, туку јас би предложил министерот да има предвид, затоа што сум свесен дека некои работи неможат целосно со закон да се предвидат, и во структурите на другите институции кои се во рамките во Министерството за одбрана да се има предвид една таква определба, како што се воената болница, Воената Академија, затоа што ако навистина сакаме да придонесеме кон стручноста и професионалноста, мора да се има една т.н. позитивна дескриминација врз тие кои сакаме да ги имплементираме, всушност да ги интегрираме во тие структури кои ги нарекуваме европски и евроатлански структури.

Затоа, г-дине претседателе и г-дине министер јас би предложил, ако важи тој договор што вие го рековте пред малку, некои прашања во однос на амандманите за кои неуспеавме да најдеме заеднички приод, кон тие два - три амандмани кои ги напомна и претседателот да го приклучиме и овој амандман, па да се обидеме уште еднаш ако има таков договор, уште еднаш да кажам, и за претходните амандмани, и меѓу тие амандмани за едно разрешување, едно дообјаснување и за една можност да се најде начин и разбирање меѓу сите страни тука и утре да го ставиме овој амандман на

гласање, со една широка и аргументирана консултација и аргументација и со министерот и да не биде денес и овде во овој момент предмет на гласање. Значи, предлагам овој амандман, ако веќе ги има и другите, да биде ставен во Комисијата, уште еднаш да се даде можност на министерот и другите структури што се тука членови да се размисли за овој момент. На тој начин веројатно би придонеле и за овој аспект и оваа димензија, да донесеме квалитетен закон кој нема да биде под решенијата кои досега беа и во овој домен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, поддржувајќи го амандманот поднесен од колегите пратеници, би сакал и јас да се вклучам во таа поддршка и покрај тоа што ова што го предложи пратеникот Положани, можеби добро е ние вечерва да не гласаме по овој закон, доколку министерот не се убеди да го прифати амандманот, за на Комисија поопширно да расправаме по оваа проблематика.

Инаку, образложението на министерот што го кажа оваа проблематика не држи, со оглед на тоа што ние секогаш се браниме со тоа досега некои стари закони биле причина за да немаме соодветна национална застапеност во армијата, во сите органи, во сите институции на Армијата на Република Македонија, па еве еден конкретен момент нешто да направиме во тој правец, да се измени таа несоодветна структура на застапеноста на националностите во Армијата на Република Македонија.

Мислам дека не држат аргументациите, односно тие уште повеќе укажуваат дека треба нешто да се преземе и во рамките на Законот, со законски решенија нешто да се регулира во оваа област, бидејќи до сега расположението и волјата на министрите не вродиле со плод. Затоа мислам дека амандманот е многу добар и до колку сакаме искрено да се вклучиме во НАТО структурите, она што значи Македонија како мултиетничка, мултинационална држава, апсолутно треба овој амандман да се има предвид и да биде еден од законите па полека и во другите области да почнеме со подобрување на таа национална структура и да не се браниме и секогаш да ги напаѓаме досегашните закони, досегашните структури. Еве поминаа 50 години и 10 години од оваа македонска демократија, резултатите во таа област, по соодветната застапеност на националностите, во прв план на албанската националност, не се задоволителни, со 1, 2, 3%. Мислам дека далеку сме од реалноста. Затоа излишни би биле сите аргументи, неприфатливи, ако се бара да се најде некое оправдување за неприфаќање на овој амандман. Затоа, до колку вечерва не е спремен министерот да го прифати амандманот, предлагам тоа да остане на Комисија, да извршиме и поширокi политички консултации, бидејќи се работи за политички проблем кој е присутен во Република Македонија, посебно во органите на Армијата. Значи во тој правец да се расправа на утрешната Комисија за одбрана кога би можеле да најдеме сили и сите заеднички тогаш да го гласаме законот, со прифаќање на сите политички партии, на сите политички групации што се во Парламентот. Инаку во спротивно ќе создадеме лош пример на однесување во нашето Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам на пратеникот Илјаз Сабриу.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Има збор министерот за одбрана господинот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Станува збор за овој закон кој го регулира системот во одбраната. Во закон кој го регулира системот на одбраната не треба да се прецизира, а ова е сериозно прецизирање на кадровската проблематика во Армијата. Не му е местото на тоа во овој закон. Тоа е една од причините.

Второ, ако сакате ќе соопштам и лична причина, односно личен став.

Прашањата на решавање на работите преку клучеви, мене лично таквите ставови и таквите ориентации, ми се туѓи. Го зборувам како човек. Таквите искуства покажаа какви резултати носат.

Но, сепак за овој закон што е битно?

Тоа е закон што го решава системот на одбраната. Прашањата од кадровски пристап и самиот пристап во Армијата имаат домен на решавање во законот за служба во Армијата и врз основа на него, има подзаконски акти за работа на Академијата, како да прима питомци и на кој начин, за курсевите, за пристапот на оние кои ќе се кандидираат за тие

деветмесечни курсеви или пократки, кои потоа ќе станат професионални војници, ќе добијат чинови, ако се со факултет ќе добијат високи чинови и ако се со средно школо ќе добијат чинови со средно образование, така што во овој закон не може ова да биде решено, затоа што ставањето на нова алинеја директно упатува на тоа на каков начин да се пристапува кон решавање на кадровските потреби во Армијата. Тоа во овој закон не му е место. Кога ќе дојде на ред другиот закон и подзаконските акти што од него излегуваат, тогаш ќе разговараме и за ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на министерот.

Збор има пратеникот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, јас се приклучувам кон овој амандман и ги поддржувам моите колеги пратеници и би требало, како што се предложи тоа утре уште еднаш да се погледне. Тоа го велам, затоа што и јас припаѓам на една националност и најмалку застапена во Армијата. Затоа се приклучив кон овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Би сакал малку да се вклучам во расправата и да потсетам на некои работи за кои сметам дека се од исклучително значење, не само во врска со оваа расправа што сега ја водиме, а по повод дадениот амандман, туку генерално за севкупните состојби во државата.

Ние градиме цивилен концепт на државата, градиме цивилно општество, градиме цивилен концепт на државата, што почива на еден основен принцип, сите граѓани, независно од верска и национална припадност да бидат потполно рамноправни во однос на се она што значи нивно живеење и работно ангажирање.

Јас сакам да ги потсетам сите колеги дека тоа беше една од основните причини зошто се определивме за принципот за целосна интеграција на сите граѓани на Република Македонија во институциите на системот, а посебно на припадниците на малцинствата. Во таа смисла во сите институции во државата, од почетокот, од осамостојувањето се водеше грижа постепено во рамките на можностите, тоа значи за сите оние кои ги исполнуваат критериумите, кога станува збор за одбраната критериумите за образование врзано за подофицерски чинови или офицерски чинови, се водело сметка дека е направен и огромен напредок во однос на застапеноста на националностите, а посебно на албанската националност во Министерството за одбрана.

Вие знаете дека во поранешниот период подофицерите и офицерите се формираа во поранешна ЈНА во која застапеноста на албанците генерално во Југославија беше незначително. Оттука немавме на располагање, при формирањето на Армијата на Република Македонија доволно едуцирани кадри од албанската националност ниту за подофицери, ниту за офицери. Тоа беше основната причина што процентот на застапеност беше исклучително низок и далеку од застапеноста на албанската популација од вкупната популација во Република Македонија.

Меѓутоа, тоа што го кажа колегата во последната дискусија дека во Република Македонија таа застапеност била недоволна заради тоа што досега постоеле закони кои тоа го попречувале, воопшто не е точно, туку е точно сосема спротивното. Ние во рамките на постојната законска регулатива, во рамките на тоа што се интенции на Уставот во изминатиот период го применувавме принципот на позитивна дискриминација, кога станува збор за едукација на кадри од сите националности, а посебно од албанската националност.

Можам да ви кажам дека веднаш по отварањето на академијата, применувајќи го принципот на позитивна дискриминација секогаш запишувавме 10-15% питомци од албанската националност, од другите националности, надвор од квотата. Истиот принцип важеше и за Академијата за командно - штабни должности. Истиот принцип важеше кога испраќавме на обука високи офицери на академиите во земјите со кои соработуваме. Резултат на тоа е нешто, порано имавме еден член на Генералштабот, генерал албанец, туку резултат на тоа е што од новопромовираните генерали еден од тие четворица генерали е генералот Гзафери кој беше пратен на воените академии во Турција и кој ги исполни тие услови, беше унапреден во чин бригаден генерал. Според тоа, во рамките на тоа што значи исполнување на критериумите и

исполнување на услови за обука и надвор од тоа, тоа што може да се направи со позитивната дискриминација, со сите напори е правено во Република Македонија затоа што сите треба да бидеме свесни дека една држава, па и Република Македонија може успешно да се брани и да се одбрани, прво ако сите граѓани ја чувствуваат како своја татковина и ако сите граѓани учествуваат во нејзината одбрана. Ако албанците се застапени во регуларната Армија, во мирновремената формација, незнам, со 17, 18%, сигурно е дека еден ден со таква застапеност да бидат и граѓаните што се на цивилна служба и во подофицерскиот кадар и во офицерскиот кадар. Оттука има потреба да се забрзаат процесите на едукација и процесите на обука за да можат да ги исполнуваат тие критериуми. Тука гледам една добра желба на колегата Мерсел Биљали кој се обиде да го модифицира амандманот. Меѓутоа, се согласувам со колегата Сабриу дека денес не треба да пресечеме околу таа работа, утре ако имаме седница на Комисијата за внатрешна политика и одбрана можеме повторно целосно да го разгледаме ова прашање и да видиме дали има можност за било какво решение. Ако не, се останува на ставот на Министерството за одбрана, односно на ставот изнесен од претставникот на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, за збор се јави пратеникот Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, имајќи го предвид фактот што се работи за амандман кој е во интерес на самата АРМ и сметам дека со овој амандман не се нарушува текстот на законот, бидејќи и со Уставот е предвидено дека граѓанско општество ние можеме да градиме само со вакви иницијативи.

Мислам дека е многу еклатантен примерот да се каже пред ова Собрание дека не може да се прифати еден ваков амандман кој има за цел да ја подобри структурата на АРМ во поглед на националната структура. Исто така имајќи предвид фактот дека ништо не се коси со Уставот, и самиот Устав предвидува, во сите државни институции да се подобри националната структура, а јас не гледам друга прилика и начин како да се дојде до тоа да се подобри националната структура. Ние имаме можност преку овој амандман законски да го задолжиме Министерството за одбрана во наредниот период да презема поважни чекори и да направи нешто во интерес на граѓаните во оваа држава, поготово во интерес на националностите.

Во оваа прилика ќе спомнам и еден факт. Во подрачната единица во Куманово каде се вработени повеќе од 30, референти и други кадри, има само еден албанец и тој сега е пред пензија, а ние знаеме каква е националната структура во Куманово ако е наш интерес ние да работиме на тоа што повеќе и националностите да се вклучат во државните институции, тогаш, еве ние имаме прилика во конкретниов случај тоа да го направиме. Затоа не треба да избегнеме од прифаќање на овој амандман, бидејќи токму овој амандман има за цел тоа да го постигне. Сега е случајот во Министерството за одбрана, а мислам дека треба да се направи многу и во другите институции.

АРМ е една нова институција формирана после осамостојувањето на Република Македонија. Ние знаеме колкава е застапеноста на националностите во оваа државна институција. Затоа тоа требаше да се направи уште поодамна и сега да имаме една добра квота во сите структури на АРМ. Меѓутоа, за жал тоа денес го немаме. И ако понатаму некој сака да избегне од одговорноста и не сака да се ангажира во оваа област, тогаш ние секогаш ќе имаме проблеми и никогаш не можеме да го постигнеме тоа што е интерес на оваа држава. Затоа јас го молам министерот да размисли подобро, ако има потреба нека се консултира и со другите членови, а зошто да не кажам во случајот со премиерот господинот Љубчо Георгиевски и така да се прифати овој амандман од самиот министер. Нека биде тоа и на утрешната седница, само да се постигне тоа што е интерес за сите нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. За збор се јавува пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван министер, дами и господа пратеници, ова наше инсистирање треба да го сфатите сериозно. Ние нема лесно да отстапиме од овој амандман, затоа што колку што не убедувавте овие денови многу на вас ви значи и на сите нас донесувањето на овој закон, сметаме дека една блага форма на водење сметка за националниот состав во

армиските раководни структури, треба да постои.

Како прво, ви обрнувам внимание или ве замолувам уште еднаш да погледнете во текстот на овој амандман каде навистина во најблага форма упатуваме на водење сметка на овој сегмент на кадровската политика, кој апсолутно не навлегува во принципот на стручност и професионалност. Впрочем во ниеден момент никој од нас не помисли дека нестручни лица, само за тоа што се од одредена националност би требало да бидат во раководните структури во армијата, или ангажирани во армијата. Апсолутно се подразбира принципот на стручност и професионалност.

Како второ прашање сметам дека овој амандман што ние го предлагаме не навлегува во кадровските решенија што ги прави Министерството. Ова е чисто политичко решение. Бараме со овој закон да се води сметка за ова чувствително прашање во армијата. Впрочем и вие и бившиот министер и сите, не слушнав некој да не се согласува дека ова е битно прашање и за овој закон и за целокупното функционирање на државата.

Трето, сметам дека за да може да се повикуваме на подзаконските акти на една ваква одредба треба во блага форма да упатуваме на нешто во овој закон, за да може понатаму во Министерството да се разработува во подзаконските акти.

На крај, навистина јас незнам на кој друг закон мислите кога се повикувате на "некој друг закон".

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Служба во армијата.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Тоа е нешто друго, служба во армијата. Доколку мислите така би требало да крај да бидете појасни како може да го изведеме тоа и дали тој ќе биде посебен закон, тој ќе дојде до кај нас. Но, во секој случај, дури и во тој посебен закон да имаме малку појака одредба, тогаш нема да биде "водење сметка" туку да се обезбеди одредбата што ќе биде во овој закон.

Јас мислам дека и во тој закон за да имаме таква одредба треба да се прифати амандманот што го предлагаме на овој закон.

Во секој случај доколку навистина имате потреба од дополнителни консултации подобро да го оставиме овој амандман за да го разгледаме уште еднаш на Комисијата и таму евентуално да дојдеме до некој заеднички став, затоа што одбивањето на овој амандман ќе повлече барање на пауза од наша страна за да изготвиме друг амандман кој што ќе биде во различна форма, но сепак ќе биде нешто слично на ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Илијаз Сабриу.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Мислам дека беа изнесени доста аргументи но право е на министерот да го прифати или да не го прифати амандманот. Ние ќе инсистираме тоа да биде вградено.

Инаку само да објаснам на г-динот Ханџиски дека ние од тој цивилен концепт и со таа позитивна дискриминација сме доведени до ова дереџе. Сигурно дека во Бивша Југославија тој процент бил многу мал, сега се подобрува 2, 3, 4%, што јас лично не верувам дека е 4%, но еве да прифатиме и 4%. Колку треба националностите да чекаат за да тој процент се подобри. Никој не бара да бидат нестручни, тоа беше изнесено од Таири и затоа не е добро амандманот да се менува, да се додаваат и други зборови "стручност и професионалност". Ние бараме стручни луѓе во армијата и доколку армијата бара такви стручни луѓе тогаш мора да ги школува, мора да ги има во себе. Како ќе ги има доколку они немаат пристап во институциите (Академијата, средните школи и составот на Армијата на РМ). Впрочем и денеска вистина е дека нема кадри, но има и такви кадри кои денеска се професори по основните училишта или во средните училишта, а по чин се мајори или потпуковници. Не се вклучени во Армијата на Република Македонија. Има и такви случаи. Јас ги знам по име и презиме, има мајор по чин кој предава во Гимназијата, не е во Армијата вклучен, како и многу други случаи во другите општини.

Наша цел е, верувајте, доколку Армијата сака, а гледам дека сите министри и поранешни и сегашни сакаат да се подобри националната структура и во подзаконските акти, како што не убедува министерот дека таму ќе биде регулирано мора да има законско решение во овој системски закон. Доколку тука не стои оваа алинеја тогаш кога ќе ги донесуваме другите закони тогаш ќе кажеме дека нема законско решение односно не е вградено во системскиот закон. Затоа мислам дека ние тука треба да дадеме основ за да во подзаконските акти, во другите закони биде регулирано ова прашање односно да се

води сметка, многу добро стои во амандманот, министерот да води сметка за соодветна застапеност на националностите во Армијата на РМ.

Мислам дека не би требало да се прифати тој амандман кога сите се залагаме дека тоа не чини и треба нешто да се направи. Ако треба да се направи тогаш дајте законски тоа да го направиме. Други решенија јас не гледам како да се направи. Кој ќе го направи ако ние тука не изгласаме закон односно министерот утре нема законски основ за да ја подобри националната структура. Само на добра желба, нивни можности, но тоа се многу мали проценти, или се сведува на индивидуални случаи. Ова би било една генерална политика навистина Армијата да биде како што е националниот состав на Републиката, така да бидат и нашите војници, но и командниот кадар треба да биде, сигурно во одреден период, не за година или две, соодветно застапени кадри во Армијата на РМ.

Мислам дека е добро да се прифати амандманот. Доколку не се прифати во тој случај мислам дека добро би било да се расправа на Комисијата за одбрана, а веројатно треба и пошироки консултации со Владата на РМ. Инаку не гледам ништо лошо за да не се прифати овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Колегата Сабриу даде еден исказ кој што воопшто не е точен и би сакал само да го потсетам на следното.

Прво нема никакви дилеми дека стратешки интерес или цел од највисок приоритет на оваа држава, што е докажано во изминатиот период, се надевам уште повеќе во наредниот период, е целосна интеграција на сите граѓани во институциите на системот. Мислам дека нема дилеми околу тоа дека тоа не смее да се прави на сметка на стручноста, степенот на образование и во овој случај кога станува збор за одбраната и на сметка на степенот на обученост. Меѓутоа, она што не е точно е следното: не сме дошле ние до таа состојба заради тоа што сме го применувале принципот на позитивна дискриминација. Спротивно од тоа, состојбите стојат вака.

Кога јас дојдов за министер за одбрана, 0,3% од албанската популација беа застапени во цивилниот дел и 1,3% во официрскиот дел. Кога јас излегов од Министерството битно го зголемивме процентот на застапеност и во цивилниот и во военият дел. Сега колку што знам е преку 4,7% во военият дел и преку 3,7% во цивилниот дел. Тоа не ги задоволува ни едните ни другите, ни потребите на државата и тоа е факт. Меѓутоа дека тоа е позитивен исчекор сигурно е позитивен исчекор и тоа е факт, а не дека со тоа сме направиле штета и дека ваквата состојба е резултат на тоа што сме вложувале напори да се забрзаат процесите за стекнување на стручност, за стекнување на соодветните степени на образование и на соодветното ниво на обука. Со тоа треба да се продолжи, меѓутоа нашата дилема денеска е сосема јасна.

Амандманот со ваква содржина изворна едноставно не треба да влезе во законот и ако треба да влезе, да влезе со модифицирана содржина, за која се согласувам дека утре треба да расправаме, можеби треба да влезе во законот за служба во армијата на Република Македонија. Но, денеска таа работа не можеме да ја расчистиме до крај и затоа да оставиме простор, и така утре ќе се состане Комисијата, да ги разгледаме сите аспекти на ова чувствително прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Има збор господинот министер за одбрана, Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Јас се согласувам да се разгледа утре овој амандман иако пак сакам да предочам.

Содржината на амандманот е таква што упатува како да се направи нешто и затоа местото му е во Законот за служба во Армијата, кој за скоро време треба да биде подготвен и овие денови, до крајот на календарската година да оди во главна постапка, а потоа да дојде во Парламентот.

Инаку, нека се разгледа и утре, бидејќи и претходно реков дека за многу прашања за кои говорите апсолутно знаеме дека треба сериозно да ги земеме во предвид, меѓутоа содржината упатува како да се прави. Значи нека остане овој амандман утре да се разгледа на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Госпдоине министер, се добива впечаток дека и кај вас постојат дилеми како да се формулира и да се најде соодветна формулација која ќе се внесе во законот, ако добро ве разбрав. Ако постои таква дилема размислете и вие, да

размислиме и ние, утре на Комисијата да го разгледаме овој амандман, а сега предлагам да ја прекинеме расправата по овој амандман, да продолжиме на Комисијата утре, барем таков впечаток добив, и да најдеме соодветна формулација таму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да ви кажам дека по овој амандман се јавиле уште Мухамед Тахири и Амди Бајрам. Сакам само да ви советувам. Предлогот е даден од господинот министер амандманот да се остави за утре. Многу е подобро сите овие работи да ги соопштите како предлагачи двајцата на Комисија и да ги застапувате. Таму да се браните, а сега да го одложиме амандманот за утре на Комисија, а тоа е за ново продолжување на седницата кога ќе имаме предлог на Комисијата така да постапиме.

Дали може така да работиме? (Може). Благодарам.

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на поднаслов 2 - Генералштаб на Армијата и за бришење на членовите 26, 27 и 28 поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, мислам дека треба да постапиме на идентичен начин како со претходниот амандман.

Утре ќе заседава Комисијата, да се обидеме да најдеме општо прифатливо решение.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

И за овој амандман се согласувам да се разгледа утре заради моето отсуство што ќе биде од утре, а таа обврска ќе ја преземе заменикот.

Меѓутоа, морам неколку работи да соопштам околу сето ова.

Станува збор за членовите 26, 27 и 28 кои се однесуваат за Генералштабот на Армијата. Проблемот е во тоа што мислењето кое доаѓа од предлагачите е да не стои "Генералштабот на Армијата во Законот за одбрана" .

Значи мислењето е дека со вклучувањето во Законот за одбрана Генералштабот се институционализира, а тоа е професионално, стручно тело кое треба да ги извршува сите елементи кои се содржани во Програмата и работите кои ги има предвидено Министерството за одбрана. Значи на некој начин би требало да постои дилемата, да не речам стравот, дека ова институционализирање може да му даде некои поголеми надлежности отколку што треба да ги има. Армијата, во евентуални ситуации да не дојде да се издигне над некои други надлежности односно да не биде загрозена цивилната демократска контрола, нешто што било карактеристично за некое друго време.

Меѓутоа, сакав да предочам ниту еден елемент во овие три члена нема кој упатува на таква можност. Еве зошто.

Точно е дека некои држави односно поголем број на држави, армии во законите за одбрана не го имаат вклучено Генералштабот со вакви надлежности кои се наведени. Надлежности на ниво на предлагање до Министерството за одбрана кои и онака тој ги работи и надлежности да ги изврши елементите од годишната програма кои се предвидени, кои и онака тој ги работи. Тие држави кои ова не го имаат вклучено во законот за одбрана тоа го имаат направено од следните причини.

Некои од нив функционираат како држави, нивниот систем функционира без никакви проблеми со евентуални потреби за надгледување 50, 100 години, 200 години. Подзаконските акти или регулирањето на надлежностите на Генералштабот според актите во кои тоа е поставено го издржале времето, се потврдиле дека се добро поставени и добро ги имаат регулирано меѓусебните односи, така што евентуални нови измени на Законот и донесување на нови закони на некои десетина или дваесет години покажале дека нема потреба да се оптоварува законот за одбрана, бидејќи праксата е уходана и по некои подзаконски документи кои него го регулираат се проверени и потврдени. Значи, повикувањето на тоа дека во други држави не е регулиран Генералштабот во законскиот документ не држи од овие причини. Не е точно дека ние немаме некаков континуитет за многу прашања, меѓутоа, факт е дека сме доживувале прекршување во однос на системот во одредени ситуации, последната е направена пред 10 години. Значи институциите ги имаме но треба да ги регулирале малку поинаку. Внатрешно да ги организираме структурите малку поинаку. Значи донесуваме нови закони итн. Значи едната причина е ако се тврди дека ова не е регулирано во други држави во други закони.

Второ, поставувањето на Генералштабот и во рамките на законот меѓу

другото е и од следните причини, практични причини затоа што може да се случи понекогаш личниот авторитет на министерот за одбрана да донесе пресудни одлуки кои ќе ги успорат дејствувањата, извршувањата и спроведувањето на стручните работи на Генералштабот со тоа што ќе биде проценка на министерот за одбрана од начинот на кој ќе се изведуваат рефератите во однос на крупни прашања за Армијата. На пример, опрема на армијата, па министерот може да спроведе одредени наредби, усни на колегиум или писмени, вклучете ја постапката од месец август. Постапката од месец август може да го изгуби Буџетот или септември, или октомври недај боже, па се до најситни практични работи кои се потребни за Армијата. Значи, не тврдам дека тоа се случувало, меѓутоа по анализата, по чисто објективни околности и објективни причини се случувале и овие пропусти, затоа што улогата на Генералштабот, односно неговата надлежност од аспект на стручност и извршност не била регулирана. Некој документ со кој тоа е регулирано пред 7 -8 години не е валиден, прогласен е за неважечки.

Трета работа, поставувајќи ги овие можности за предлагање до Министерството за одбрана и надлежности во доменот на стручноста и извршноста на Генералштабот се постигнува транспарентност со која никој не губи ништо.

Генералштабот ги задржува само надлежностите од неговиот домен, кој и досега ги врши. Парламентот има директна можност со законски акт да погледа кои се загарантираните негови надлежности во доменот на спроведувањето на работите, значи да не може ниту на тенденциозност, ниту заборавноста, ниту на министерот, ниту на било кој друг од валидни позиции, кои можат да носат одредени одлуки да му ги загрозат неговите надлежности. Значи, за Парламентот тоа е многу подрагоцено и има јавност, има транспарентност. Сите критериуми се исполнети за овие членови да постојат во законот, а притоа да не биде ништо нарушено.

Затоа јас би предложил евентуално во утрешната расправа да се погледаат членовите и да се погледаат алинеите. Дали во тие алинеи се пречекорени  и дадени се некои можности за евентуални злоупотреби односно преземани надлежности кои не се во негови рамки, на Генералштабот, а од формулациите кои ги погледнавме произлегува дека таква можност не постои. Значи, по трите критериуми нема никакви дилеми дека нешто суштински ни минимално ќе биде нарушено.

Тоа се причините за кои чувствував потреба дека треба да ги изнесам бидејќи утре и задутре ќе бидам отсутен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. За збор се јави господинот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Кога дојде на дневен ред амандманот, како што знаете јас се заложив за него да расправаме на утрешната седница на Комисијата и останувам на таа определба, меѓутоа со оглед на тоа што министерот најави дека нема да биде присутен на седницата, имам разбирање и за тоа зошто се вклучи сега во расправата, но да не се стекне погрешен впечаток ќе кажам само една реченица.

Тоа што е даден амандман да се бришат членовите 26, 27 и 28 апсолутно не значи дека предлагачите се залагаат за формирање на армија без Генералштаб или дека предлагачите се залагаат да се избришат надлежностите на Генералштабот. Ние цело време образложуваме, градејќи цивилен концепт на одбраната и консултирајќи ги другите закони дека од триесетина закони најдовме само два закони за одбрана во кои што во Законот за одбрана е ставено поглавје "Генералштаб" и се дадени во неколку члена неговите овластувања.

Во сите други како што знаете и самите рековте, нема поглавја Генералштаб, а има Генералштабови, решени се нивните надлежности со други подзаконски акти. За тоа ќе разговараме утре. Но да нема впечаток јавноста дека ние се залагаме за Армија без Генералштаб, или за одземање на овластувањата на Генералштабот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека овде знаеме и се договоривме како да постапиме. Овој амандман останува да се разгледа на утрешната седница на Комисијата за одбрана.

Ви го предлагам и следниот амандман кој се однесува на член 28 став 2 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски, да го оставиме предлагачите да го погледаат дали ќе стане безпредметен, ќе го преиначат, или треба денес да го разгледаме.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Околу овој амандман не е спорно воопшто и мислам дека има потреба сега да се разгледува. Еве зошто? Предлогот на амандманот е следен: не се прифаќа од причини што Генералштабот лично му одговара на претседателот на државата, а тоа не е во ред, се прави суштински прекин. Тогаш треба да паѓаат и многу други членови од овој закон. Значи се заобиколува еден елемент од цивилната контрола. Министерот за одбрана е исклучен од комуникацијата на Генералштаб и претседател на држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 2 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 74 гласале 69, за амандманот гласале 14 пратеници, воздржани 4, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 став 2 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Отворам претрес по амандманот на член 29 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 72 пратеници гласале 63, за амандманот гласале 10, воздржани 4 и 49 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 2 поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 72 пратеници гласале 65, за гласале 12, воздржани 3 и против гласале 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 точка 2 поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Отварам претрес по амандманот на член 38 поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 73 присутни пратеници гласале 68, за гласале 14, 4 воздржани и 50 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38 поднесен од Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 48 за додавање нов став 1 пред ставот 1 поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 74 пратеници, гласале 66, за гласале 8, воздржани 4, против гласале 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 48 за додавање нов став 1 пред ставот 1 поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 3 поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 74 пратеници, гласале 68, за гласале 20, воздржани 5, и против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 49 став 3 поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Отварам претрес по амандманот на член 68 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 77 пратеници, гласале 68, за гласале 11, воздржани 3, а 54 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 68 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот на член 70 за додавање нова точка 3-а по точка 3, поднесен од пратеникот Благој Стојковски.

Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот со измена на содржина, го молам пратеникот Благој Стојковски да се произнесе.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Ја прифаќам предложената измена ако се однесува само на тоа дека од амандманот се брише само делот, односно "30 години". Прифаќам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според изјаснувањето на пратеникот и постигнатата согласност со изменета содржина амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 133 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 76 пратеници гласале 70, за амандманот гласале 12, воздржани 8, 50 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 133 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Отварам претрес по амандманот на член 134 став 2 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 78 присутни пратеници 67 гласале, 15 гласале за амандманот, 3 воздржани, 49 пратеници гласале против.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 134 став 2 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 170-а по членот 170 поднесен од пратениците Мухамед Тахири, Мевљан Таири, Јонуз Абдулаи, Алија Шахиќ, Фатмир Етеми, Назми Кадриу, Билал Љутфии, Фадил Бајрами и Амди Бајрам.

Дали некој бара збор?

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници со овој амандман верувам сите потпишани инсистираат да се регулира еден проблем што мислам дека ова Собрание треба да го реши. Впрочем се работи за категорија на граѓани кои сигурно од објективни причини не биле во можност да служат воен рок од тие објективни причини, ние само можеме да ги броиме кои се тие причини, но не би се впуштил во набројување на тие причини. Да бидам поконкретен, со овој амандман предлагаме на некој начин да се најде решение за тие млади луѓе, бидејќи после 30 години тие ќе бидат предмет на правосудните органи.

Јас го молам претставникот на Владата, односно министерот за одбрана г. Пауновски да го образложи прифаќањето, односно неприфаќањето на амандманот, бидејќи

често пати во Комисијата за образование сме расправале за оваа категорија на граѓани. Има желба и министерот, верувам и сите ние, па и во Владата, но треба да се најде на кој начин тие граѓани кои од објективни, или од субјективни причини не биле во можност да го отслужуваат воениот рок. Уште еднаш го повикувам министерот за одбрана да го образложи прифаќањето, односно неприфаќањето на амандманот.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

За ова разговаравме на двете, или трите седници на Комисијата токму за можноста во овој член со амандман да се дополни содржината и да се регулираат овие прашања кои опфаќаат голем број на луѓе кои по разни околности се соочени со кривичната постапка околу служењето на Армијата. Факт е дека, и мое лично мислење е дека голем дел од тие луѓе се соочени со овие проблеми од објективни околности. Тие ги знаеме, барем особено за првите години кога јасни беа условите и многу луѓе не можеа да го остварат тоа право, многу луѓе од разни причини можеби тоа го одбегнуваа, меѓутоа ситуацијата беше дефинирана, односно недефинирана на таков начин што тие луѓе сосема неправедно се најдоа во една непријатна состојба и околу нив се води кривична постапка. Меѓутоа, со вклучување на овој амандман во Законот за одбрана ние и да сакаме да го прифатиме, не можеме да ги анулираме одредбите од Кривичниот закон кои се однесуваат на овие прашања. Значи, еве и да има добра волја и да гласате вие, ќе се соочиме со други проблеми, друга постапка, друга процедура која ќе ни го врати целиот закон назад. Од тие причини разговаравме и постигнавме заедничка согласност дека кон овој проблем треба да се пристапи веднаш после донесувањето на законот имаме две можности. Едната која можеби малку е потешка да се прават измени и дополнувања на Кривичниот закон, а другата која е многу полесна според мене, бидејќи се однесува на конкретен проблем да го реши ова прашање, а и натаму да не задира во елиминирање на одредбите во Кривичниот закон, бидејќи тие ќе ни бидат потребни и понатаму. Затоа што ние не можеме да донесеме сега и да имаме разбирање, да донесеме некаков закон на пример за амнестија за оние луѓе кои се нашле во оваа ситуација не поради нивна вина, а потоа да важи тој истиот и за оние од утре кои ќе се соочат со такви проблеми. Значи тие две работи мора да ги делиме. Затоа, наместо да чепкаме кон промена на Кривичниот закон, треба и ја имаме таа политичка согласност и волја од сите кои беа членови во оваа собраниска Комисија има претставници од сите политички партии, по донесувањето на овој закон да пристапиме кон донесување на закон за амнестија, конкретно за оние лица кои се соочиле со овој проблем. Анализата ќе се направи и врз основа на таа анализа ќе се донесат заклучоци, ќе се пристапи кон подготовка. Ете тоа се причините, затоа што и да постои добрата волја не е местото тука. Со овој закон не се анулираат одредби од Кривичниот закон, ниту пак треба да пристапиме после тоа на нивно анулирање, затоа што тогаш ќе ја укинеме можноста за санкции и сите ние не само оние кои треба да служат обврзан воен рок, туку и другите кои се обврзни да дадат придонес кон одбраната, на Армијата, нема да сносат никакви санкции, тогаш ќе настане еден општ хаос.

Значи мојата лична препорака е постигнатата политичка согласност внатре во Комисијата собраниска да пристапиме кон правење на еден краток, јасен закон за амнестија на оние кои се судриле со овој проблем ниту криви, ниту должни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Збор има г-динот Љутфии.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

Образложението на министерот беше конкретно и затоа во име на предлагачите го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, немаме амандман, немаме расправа.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 170-а по членот 170, поднесен од пратеникот Љатиф Пајковски.

Дали некој бара збор?

Г-динот Пајковски бара збор.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Господине претседателе, г-дине министер, мојот амандман всушност е само малку поразличен од овој што беше поднесен од група пратеници. Всушност се работи за регулирање на проблемот со една категорија на граѓани кои од различни причини до својата 30-та година не го регулирале служењето на воениот рок. Тоа е истата категорија која со претходниот амандман колегите пратеници сакаа да ја регулираат.

Само сакам да напоменам дека проблемите со оваа категорија на граѓани се сериозни, една голема група, барем оние кои јас ги знам кои живеат во западниот дел од државата, плашејќи се од судски санкции подолго време не доаѓаат во Република Македонија ниту за време на летните ниту за време на зимските одмори, а тоа значи лишување на државата од поголеми девизни средства кои овие граѓани би ги трошеле при доаѓањето во Република Македонија.

Разликата од претходно повлечениот амандман се однесува само во решението кое јас го предлагам оваа категорија која би била амнестирана од служење на воениот рок по одредена направена пресметка од страна на Министерството за одбрана би била задолжена да плати одреден износ според реалните трошоци што ги има еден војник во Армијата на Република Македонија. Со оглед на фактот што министерот искажа начин како ова прашање треба да се регулира, јас исто така го прифаќам кажувањето и го повлекувам мојот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Продолжуваме со претресот.

Сега констатирам дека амандмани повеќе нема, по текстот не можеме да продолжиме додека не ги разгледаме и оние два амандмани кои ги оставивме да се разгледуваат на Комисијата утре. Затоа сега прекинуваме со работа на оваа седница и ќе закажеме дополнително кога ќе не извести претседателот на Комисијата за одбрана.

Г-динот Котевски бара збор.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Само едно појаснување, бидејќи станува збор за малку амандмани, Комисијата да не заседава само за тие два амандмани, да го искористиме времето и просторот ако ја закажуваме Комисијата таа ќе биде за еден час порано, да биде закажана и седницата на Собранието на Република Македонија.

Ве молам, токму заради тоа вие во тој дух треба да соопштите кога ќе биде таа седница за да можеме да договориме со членовите на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, овој предлог се вклопува и во околностите, утре не е тука министерот, не можеме да имаме седница за законот. Министерот треба да биде отсутен, сепак овој закон ни е важен и министерот треба да биде присутен. Ние ќе закажеме продолжување во контекст кога министерот ќе го обезбеди неговото присуство. Седницата ќе биде закажана за во петок. Но, мора точно да знаеме.

Ве молам, во истото известување за продолжување на седницата на Собранието два часа порано да заседава Комисијата, за да има време да се обработи материјалот. Нема потреба да држиме седница утре.

Само уште две напомени, по другите прашања се обратив до Владата да не известат дали има промена во ставот на владата како по новите претставници, така по текстовите кои се испратени овде, мора да ни дадат за да можеме да продолжиме.

Второ, сега сме тука во доволен број, декември ќе биде многу оптоварен месец, многу тежок месец за Собранието, не очекува огромна работа и ги молам сите пратеници патувањата надвор од земјата да ги сведат на минимум, нека се одложат сите патувања, да се патува еве до петок, кој ќе патува, ќе патува, во петок сме тука, ќе имаме седница и да работиме.

Дали може така? (Може).

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 19,25 часот).